**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1647.**

Врз основа на член 19 став 8 од Царинскиот закон ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2005 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ МОРА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ЗА СТОКАТА ДА МОЖЕ ДА БИДЕ ПРЕДМЕТ НА АВТОНОМНИ МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ ИЛИ УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ, ПОСТАПКАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА АВТОНОМНИ МЕРКИ, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНО РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ ИЛИ КОРИСТЕЊЕ**

Член 1

Оваа уредба ги определува поблиските услови кои мора да бидат исполнети за стоката да може да биде предмет на автономни мерки за намалување или укинување на царинските стапки и постапката за воведување на автономни мерки, како и начинот на нивно распределување или користење.

Член 2

За целите на оваа уредба следниве изрази го имаат следново значење:

1. "увоз" значи пуштање на стока во слободен промет на царинското подрачје на Република Македонија, како и какво и да е друго царински дозволено постапување или употреба на стоката, кога настанува царински долг;

2. "истоветна стока" значи стока, која што се распоредува во иста десетоцифрена тарифна ознака од царинската комбинирана номенклатура и кои имаат исти технички карактеристики како увозната стока;

3. "заменлива стока" значи стока, која што по правило се распоредува во иста десетоцифрена тарифна ознака или најмалку во ист шестоцифрен тарифен подброј од царинската комбинирана номенклатура и која што може да се употреби наместо увозната стока, иако имаат поинакви технички карактеристики, што од своја страна не влијае на самото производство или на добиените стоки или вршењето на услуги;

4. "вообичаен рок" значи рок во кој треба стоката да му се обезбеди на корисникот, ако побарувањето на тие стоки било дадено благовремено, имајќи го предвид времето кое што е вообичаено, потребно за производство на соодветните стоки.

Член 3

Автономните мерки за намалување или укинување на увозните давачки може да се определат за стока опфатена во царинската комбинирана номенклатура, кога е исполнет еден од следниве услови:

- кога истоветната или заменливата стока не се произведува на царинското подрачје на Република Македонија;

- кога домашните производители на истоветна стока или стока за замена, како што е стоката што се увезува, не можат благовремено да му ја обезбедат на домашниот корисник во вообичаениот рок;

- кога станува збор за обезбедување на потребната стока или делови од стоката (суровини, репроматеријали, полупроизводи, составни делови, наменети за вградување во други производи) за непречено производство или одржување на полн капацитет;

- кога станува збор за стока која што е неопходна при производство или вршењето на услугите (опрема, ситни алати или помошен материјал) и нивниот увоз не и штети на конкурентноста на домашната индустрија, односно се зголемува конкурнтноста на домашната индустрија или на давателите на услугите на домашниот пазар пред странските конкуренти;

- кога станува збор за финални производи, кои што се користат како составен дел во финалниот производ и со операција на составување се постигнува висока додадена вредност;

- кога станува збор за отстранување на пречки на пазарот.

По исклучок од став 1 од овој член автономната мерка на намалување или укинување на увозни давачки, може да се определи за ограничена количина на стока, која што е наменета за финална употреба, кога таквата мерка придонесува за зголемување на конкурентноста на домашната индустрија и за зголемување на извозот на стока од домашни производители.

Член 4

Намалување или укинување на увозните давачки за одредена стока може да побараат корисници или група на корисници на таа стока, Стопанската комора на Македонија или Сојузот на стопански комори на Македонија.

Барање за намалување или укинување на увозните деавачки се поднесува до Министерството за економија и треба да ги содржи следниве податоци:

- точно име, односно фирма и адреса на предлагачот;

- стока за која се бара намалување или укинување на увозните давачки со наведување на десетоцифрената тарифна ознака и наименување според царинската комбинирана номенклатура;

- трговско име на стоката со детален опис (податоци за техничките карактеристи и другите карактеристики на стоката и сл.) така што врз таа основа може да се препознае како поинаква од останатата стока која што се распоредува во истата десетоцифрена тарифна ознака;

- образложение на барањето, од кое што може да се види дека се исполнети условите од член 3 на оваа уредба;

- податоци за висината односно обемот на домашното производство и планираните потреби од определена стока, кога се бара намалување или укинување на царинските стапки за ограничена количина на таа стока (царински контингент).

Министерството за економија може од подносителот на барањето да бара и дополнителна документација (на пр. проспект со технички податоци и сл.) и информации, ако е тоа потребно за утврдување на оправданоста на барањето.

Ако барањето од ставот 3 од овој член, самостојно го поднесат корисници или група на корисници на соодветната стока, кон барањето треба да се приложи, зависно од природата, односно видот на стоката, и мислење на Стопанската комора на Македонија или Сојузот на стопански комори на Македонија за соодветноста, односно влијанието на намалувањето или укинувањето на увозните давачки за соодветната стока на домашното производство, од аспект на нивна заштита и конкурентност.

Министерството за економија, врз основа, на приложената документација и другите расположливи податоци и информации оценува дали автономната мерка за намалување или укинување на увозните давачки е економски оправдана (унапредување на стопанската активност, подобрување или зголемување на производните капацитети, модернизација на производството или вршењето на услугите, зголемување на конкурентноста на домашната индустрија, вработување и сл.) и е во согласност со целите на трговската и другите политики на Република Македонија.

Министерството за економија кога ќе оцени дека има економска оправданост за донесување на автономна мерка, во согласност со министерот за финансии, а по пргеходно мислење од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или друг министер кој раководи со органот на државната управа од соодветната област во зависност од видот на стоката, доставува предлог до Владата на Република Македонија за донесување на автономна мерка.

Член 5

Царинската управа на Република Македонија за увозот на стоката врз основа на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки, на барање, поднесува извештај до министерот за економија или до министерот за финансии.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1.01.2006 година.

Бр. 19-4790/1 Претседател на Владата
29 декември 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**1648.**

Врз основа на член 23 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/98) и врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ПРИМЕНА НА ПРОТОКОЛОТ ЗА ИЗМЕНА НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НИВНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ ЗА ТАРИФНИТЕ КВОТИ ЗА УВОЗ НА ШЕЌЕР И ПРОИЗВОДИ ОД ШЕЌЕР СО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА**

1. Се одобрува предвремена примена на Протоколот за измена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки и Република Македонија за тарифните квоти за увоз на шеќер и производи од шеќер со потекло од Република Македонија во Заедницата.

2. Составен дел на оваа одлука е Протоколот за измена на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки и Република Македонија за тарифните квоти за увоз на шеќер и производи од шеќер со потекло од Република Македонија во Заедницата.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1.01.2006 година.

Бр. 19-4979/1 Претседател
29 декември 2005 година на Владата на Република
Скопје Македонија
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**ПРОТОКОЛ ЗА ИЗМЕНА НА СПОГОДБАТА ЗА СТАБИЛИЗАЦИЈА И АСОЦИЈАЦИЈА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЕВРОПСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НИВНИТЕ ЗЕМЈИ ЧЛЕНКИ ЗА ТАРИФНИТЕ КВОТИ ЗА УВОЗ НА ШЕЌЕР И ПРОИЗВОДИ ОД ШЕЌЕР СО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЗАЕДНИЦАТА**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,**
од една страна,

и

**ЕВРОПСКАТА ЗАЕДНИЦА**, (во понатамошниот текст "Заедницата")
од друга страна

тргнувајќи од:

(1) Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна и Република Македонија, од друга страна (во понатамошниот текст "ССА") потпишана во Луксембург на 9.04.2001 во сила од 1.04.2004.

(2) Преговорите кои се одржаа за задржување на преференцијалните аранжмани во ССА кои се однесуваат на увозот на шеќер и производи од шеќер по потекло од Република Македонија, во Заедницата.

(3) Соодветните измени на ССА кои треба да бидат прифатени.

СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Член 1

ССА ќе се измени како што следи:

(1) Член 27 се менува како што следи:

(а) Во параграф (1) првиот подпараграф се заменува со нов подпараграф со содржина како што следи:

"Заедницата ќе ги укине царинските давачки и давачките кои имаат ист ефект за увозот на земјоделските производи по потекло од Република Македонија, освен оние опфатени со тарифните ознаки 0102, 0201, 0202, 1701, 1702 и 2204 од Комбинираната номенклатура."

(б) Во параграф (2) се додава нов подпараграф со содржина како што следи:

"Заедницата ќе применува безцарински пристап на увозот во заедницата за производите по потекло од Република Македонија со тарифни ознаки 1701 и 1702 од Комбинираната номенклатура, до граница од годишна квота од 7000 тони (нето тежина)."

(2) Во Табелата во Анекс 1 на Протоколот 3 референците на производите што потпаѓаат под ознаката 1702 од Комбинираната номенклатура се бришат.

Член 2

Овој Протокол ќе биде составен дел на ССА.

Член 3

Овој Протокол ќе влезе во сила првиот ден од месецот по датумот на потпишување.

Член 4

Овој Протокол е составен во дупликат на секој од официјалните јазици на договорните страни, а секој од овие текстови е еднакво автентичен.

**1649.**

Врз основа на член 58 став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 85/03 и 40/04), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 29.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАТУМОТ НА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА УПЛАТАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Датумот на уплатата на придонесот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, започнува од 1 јануари 2006 година, со исплатата на јануарската плата за таа година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4983/1 Претседател на Владата
29 декември 2005 година на Република Македонија,
Скопје д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**1650.**

Врз основа на член 42 од Законот за државни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 7/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04 и 81/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2005 година, донесе